


# Кав'даречки ВЕСНИК

ГОДИНА III * БРОЈ 63 * 16. 3. 2012 * www.kavadarci.gov.mk * БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК



FENI INDUSTRIES

Кралица на водите КОЖУВЧАНКА®

Sinalco schmeckt


**Народна Република Кина донираше 23 училишни автобуси**

## ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е МЕЃУ ОНИЕ КОИ ДОБИЈА ПОДАРОК АВТОБУС

**Жолтиот автобус со 35 седишта и инсталирана современа опрема ќе се користи за превоз на учениците**

Дваесет и три општини во Македонија добија по еден училиштен автобус од донацијата на НР Кина за Македонија. Автобусите се за превоз на ученици во основните и средните училишта, пред сè, за руралните средини. Автобусите се со жолта боја и по 35 седишта, имаат заштитни автоматски врати, противпожарен апарат и сигурносен појас за секое седиште.

Берово, Битола, Куманово, Велес, Демир Капија, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Ресен, Маврово-Ростуше, Врапчиште, Пехчево, Прилеп, Ранковце, Свети Николе, Штип, Липково, Теарце, Желино, Студеничани, Сарај и Радовиш се општините каде ќе се доделат овие 23 училишни автобуси.

Договорите за доделување на 23 училишни автобуси во Владата ги потпишаа вицепремиерката за европски прашања и национален координатор за странска помош Теута Арифи и претседателот на Заедницата на единиците на локална самоуправа Коце Трајановски, како и градоначалниците на општините кои ги добија автобусите.

Градоначалникот на Кавадарци Александар Панов се заблагодари за донацијата и искажа задоволство и посочи дека овој автобус ќе ја најде својата соодветна примена во превозот на учениците. Оваа донација доаѓа во вистински момент, бидејќи образованието и вложувањето во него е важен сегмент. Изрази благодарност до НР Кина и до Владата, кои, како



што истакна, ги почувствува потребите на локалните власти. Производител на автобусите е кинеската компанија „Јутонг“, која ги направи и двокатните автобуси за јавен превоз во Скопје.

**Димитар Мурцев**

**Никако да престане скврнавењето на културно-историските споменици во Општината**

## КРАДЦИТЕ ЗА НЕКОЛКУ КИЛОГРАМИ БРОНЗА ТРАЈНО ГО ОШТЕТИЈА ОБЕЛЕЖЈЕТО НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ

**Со последната кражба релјефот на споменикот е трајно оштетен без можност да се санира**

Повторно е осквернавен споменикот на 12-те ваташки младинци во Моклиште. Непознати сторители по кои трага полицијата, однеле две третини од релјефот кој беше поставен на големиот споменик и кој го прикажуваше ѕверското убиство на стреланите ваташки младинци од бугарскиот фашистички окупатор на 16 јуни 1943 година.

Бурни се реакциите во Кавадарци по овој гнасен чин. Директорот на Музеј-галерија Кавадарци, Петре Камчевски вели дека е жалосно тоа што се продолжува со уништувањето на спомен- обележјата.

„Бев тука минатата недела. Имаше откорнато само еден мал дел од релјефот. Пред 5 години беше целосно однесен. Тоа е дело на познатите архитекти и вајари Искра и Јордан Грабуловски. Споменикот е заштитен со закон на државата. Неодамна добивме решение дека е прогласен за значајно споменично обележје од НОБ. Знаеме дека е подигнат по повод овој многу значаен настан од поновата историја на овој крај.

На ова место на 16 јуни 1943 на најѕверски начин се убиени, а потоа и масакрирани 12-те ваташки младинци. Значи, споменикот е во континуитет напаѓан. Пред 5 години успеавме да го спасиме релјефот. Единствен човек кој се нафати да помогне во санацијата е казанџијата Киро



Панов. Работеше една недела. Го оспособивме релјефот и повторно го вративме на споменикот. Го врзавме и дополнително. Но, за жал, бидејќи не постои чуварска служба споменикот е напаѓан и 2/3 од него се однесени,“ - вели Камчевски и додава дека е многу тешко повторно да се врати релјефот на споменикот во целост, бидејќи авторот бил покоен.

Единствен спас се гледа во милоста на тој што го направил оштетувањето, доколку повторно го врати. На тоа апелираше и градоначалникот Александар Панов: „Изразувам големо разочарување од ваквиот чин. Направена е голема навреда на ваташани, кавадарчани, па и на Република Македонија. Оние коишто го имаат сторено овој чин имаат шанса да се искупат. Делот кој го имаат откинато да го вратат. Не мора никој да знае и не мора никој да види. Нека го вратат на ова место. Ние ќе ги надоместитме сите штети коишто се направени. Ако е кражба од социјален карактер тогаш сигурно е дека ќе земат некој денар, но на момент нека споредат колкава штета нанесоа. Ако е политички мотивирано, бидејќи донесовме и одлука на Советот со која се грижиме посебно за спомениците и сакаме да ги пренесеме на видно место, односно да ни бидат пред очи и пред очите на безбедносните камери. Мислам и дека повторно се прави еден голем превид. Со тоа нема да се отргнеме од заштита и чување од она што значи наша историја, култура, наши предци, односно оние на коишто им ја должиме денешницата. Сакам на луѓето кои го сторија ова да им посочам дека тие чепнаа и врз нивното минато. Да не беа овие револуционери, да не беше херојската борба во Втората светска војна сигурно дека нивниот статус немаше да биде како денес, можеби и немаше да постојат.“

Во изминатиот период во неколку наврати спомениците во Кавадарци и околината се мета на вандалски напади и крадци на метални предмети. Засега полицијата нема откриено ниту еден сторител.

**Ангел Данов**




■ **Делегацијата од пријателската општина Воден имаше прием во кабинетот на градоначалникот Александар Панов**

## КАВАДАРЦИ И ЕДЕСА ЌЕ СОРАБОТУВААТ СО КОНКРЕТНИ ПРОЕКТИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во дводневна возвратна работна посета на Кавадарци присуствуваше делегација на општината Едеса (Воден), Република Грција предводена од Василис Кириаку, директор на Секторот за туризам на Воден, во која беа раководителот на Секторот за локален економски развој на Воден Елени Педагогиу и директорите на гимназијата и средното техничко училиште од овој пријателски град, како и неколку професори од средните и основните училишта.



Делегацијата беше примена од градоначалникот Александар Панов кој им посака добредојде и успешна работа за време на посетата. Притоа изрази желба овој нов проект на двете општини кој се однесува на доменот на соработката во образованието финансирана од пари на Европската Унија да резултира со конкретна соработка пред сè меѓу учениците и професорите од средните училишта на двете општини. Панов посочи дека е задоволен што успешната соработка со општина Воден се подига на повисоко ниво, а тоа потврдува дека на локално ниво македонските и грчките општини и граѓани соработуваат мошне успешно со аплицирање и реализација на заеднички проекти.

**Димитар Мурџев**

■ **Честитка од градоначалникот до новиот ЕУ амбасадор**

## ПОСАКУВАМ ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ОД 2009 ГОДИНА

Почитувана екселенцијо,

имам чест од мое лично име, како и од името на граѓаните на општина Кавадарци да ви го честитам официјалниот почеток на извршувањето на функцијата амбасадор на Европската Унија во Република Македонија.



Ми претставува задоволство што токму Вие ќе ја извршувате оваа многу важна функција и тоа во исклучително значајниот момент за мојата земја кога треба да се случи почетокот на Пристапниот дијалог со ЕУ на високо ниво, во понатамошно трасирање на интегративниот пат на Македонија кон европското семејство на народите.

Моето задоволство е уште поголемо поради фактот што ние лично веќе имаме остварено пријателска и многу конструктивна средба во јуни 2009 година во Кавадарци, кога на мое огромно задоволство ја посетивте Општината во функција на амбасадор на вашата земја Република Естонија.

Почитувана екселенцијо, г. Аиво Орав, се надевам дека тогаш воспоставениот контакт и лично пријателство, во наредниот период ќе продолжи да се развива многу поинтензивно и дека вашиот целокупен капацитет и авторитет ќе го вложите во заедничкиот интерес на мојата земја Република Македонија, општината Кавадарци кон рамноправно членство во Европската Унија.

Честитајќи ви ја новата функција, ви посакувам успешна и плодна работа, а воедно упатувам и отворена покана повторно да ја посетите општина Кавадарци, во која секогаш сте мој и нејзин добредојден пријател и гостин.

Со почит,

Градоначалник,

дипл. правник **Александар Панов**

### ОРАВ ГО ПОЗНАВА КАВАДАРЦИ

Новиот амбасадор на Европската Унија во Македонија Аиво Орав во јуни 2009 година на покана од градоначалникот Александар Панов беше гостин во Општината. Во дводневната посета тој покрај Кавадарци го посети и Скопје. Орав тогаш беше амбасадор на Естонија со седиште во Анкара од каде го покриваше делот на Мала Азија и Западен Балкан со Македонија.



На првата средба остварена на 14 јуни 2009 Панов и Орав разменија основни сознанија во функција на запознавање. Домаќинот ги понуди кавадаречкото вино, можностите за развој на туризмот на ски центарот Кожуф, како и алтернативниот туризам, преку винскиот пат. Побара од гостинот соработката да започне со размена на културен план, како и можност за збратимување со некој естонски град. Амбасадорот Орав ги презентираше економските интереси на Естонија пред сè во информатичките технологии каде неговата земја има водечка улога. Во билатералните разговори се спомна и неразбирливиот спор со името, а гостинот истакна дека Естонија во целост ја поддржува Македонија во НАТО и Евроатланските аспирации.

**Димитар Мурџев**

■ **Прием на членовите на џез групата „Ба-Це“ трио кај градоначалникот**

## ПРЕТСТАВЕН СЕЛЕКТОРОТ НА „КАВАДАРЦИ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ“

Градоначалникот на Кавадарци Александар Панов во својот кабинет приреди прием за двајца од тројцата членови на светски познатиот етно џез состав „Ба-Це“ трио, фронтменот Александар Попов и славниот бугарски солист на кавал Теодосии Спасов.

Панов на музичките виртуози им се заблагодари што во изминатите три години тие со Васил Хаџи-Манов и неколку други инструменталисти од Франција, Австрија и Македонија редовно најмалку по два пати настапуваат во Кавадарци. Ова, рече Панов, е реткост и за многу познати светски метрополи, а Кавадарци благодарејќи на желбата на музичарите и нивна приврзаност кон искреноста и аплаузите на публиката има привилегија редовно да ужива во нивната музика.



Приемот беше искористен да се промовира и третото издание на Кавадаречкиот џез фестивал кој од 24 до 26 август ќе се одржи во нашиот град. Исто така градоначалникот го промовираше и првиот уметнички директор на фестивалот, а тоа е познатиот перкусионист Александар Попов кој по потекло е од Тиквешијата. Познатиот инструменталист Александар Попов најпрвин се заблагодари на големата чест и укажаната доверба од страна на Општината како организатор на фестивалот токму него да го назначи за селектор на Кавадаречкиот џез фестивал.

На прес-конференцијата најави дека тој ќе го искористи сиот свој авторитет и познанства со врвни светски џез интерпретатори тие да бидат учесници на третото издание на „Кавадарци џез фестивал 2012 година“.Притоа посочи повеќе имиња на џез музичари од Франција, Србија, Бугарија, Македонија, како и од Америка и Африка со кој тој како и членовите на „Ба-Це“ бендот интензивно соработуваат настапувајќи на бројни фестивали низ Европа и светот.

Општината го најави и првиот Тиквеш рок фест на крајот од јуни кој ќе биде посветен на познатиот кавадаречки тапанар Трајко Каров.




**Советот на општина Кавадарци ја одржа редовната 50 седница која требаше да биде своевиден мал јубилеј**

## ТЕНЗИЧНА АТМОСФЕРА ВО РАСПРАВАТА КАКО ДА Е ЗАПОЧНАТА ПРЕДВРЕМЕНА КАМПАЊА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

Наместо во порелаксирана атмосфера, 50-тата седница која на некој начин беше јубилејна за работењето на овој состав на Советот, помина во напната и тензична атмосфера. Се доби впечаток дека кампањата за локалните избори е започната и не се исклучува можноста во наредниот период да имаме уште „пожешки седници“.

Повеќе од еден час Советот не можеше да го утврди дневниот ред по кој ќе работи. Советникот Панчо Минов понуди дополнување со информација околу актуелните состојби во лозарството, неисплатата на субвенциите и точки што се однесуваат на проблемите кои ги мачат граѓаните со правосилните извршни решенија од ЈП „Комуналец“. Откако вaквите предлози не беа прифатени од мнозинството во Советот, беше постигнат договор за лозарството во присуство на компетентни и одговорни личности да се расправа на наредна седница која би се одржала до крајот на март. Сепак по подолги натегања дневниот ред беше усвоен со 12 гласа „за“ и 1 „воздржан“ по што советниците започнаа со работа.

Почетокот беше посветен на разгледување на завршните сметки на основните и средните училишта во општина Кавадарци. Сите добија зелено светло од советниците, освен завршната сметка на СОЗШУ „Ѓорче Петров“, за која мнозинството гласаше против. Следеше во неколку наврати процедурална забелешка од советникот Панчо Минов, па прекини на седницата. Минов побара повторно гласање за завршната сметка на СОЗШУ, бидејќи како што рече се сомневал во регуларноста на гласањето. По барање на советничката Весна Коцева, образложение на завршната сметка даде директорката на училиштето Божанка Минова. „Гласањето не го правите за Божанка Минова, туку за СОЗШУ Ѓорче Петров“, забележа Минова и додаде дека училиштето имало приходи од 2,5 милиони денари и не било во загуба. Во 2011 година биле инвестирани 800.000 денари, сопствени средства на училиштето.

По излагањето на Минова повторно се бараше процедурална интервенција и потворно



следеше пауза. Седницата продолжи со поединечно гласање по завршната сметка на СОЗШУ. Согласно деловникот за работа на Советот, за ваквиот начин на гласање поддршка дадоа 6 советници. „За“ гласаа 7 советници, „против“ беа 8, со 1 „воздржан“, додека 1 советник не сакаше да гласа. По ова следеа навреди, закани и повици за чување на дигнитетот на Советот.

На 50-тата седница поддршка од Советот добија и завршните сметки на Детската градинка „Рада Поцева“, Домот на културата “Иван Мазов Климе“, Библиотеката „Феткин“ „Музеј-галерија“. Зелено светло добија и извештаите за работењето и спроведувањето на програмата на Вардарски плански регион за 2011 година.

Советот ја усвои завршната сметка на Буџетот на општина Кавадарци. Во неа стои дека вкупните остварени приходи изнесуваат близу 527 милиони денари и се поголеми од вкупните расходи за близу 1,3 милиони денари. Во рамки на седницата се усвои годишниот извештај на општината за минатата година и кварталниот извештај за извршувањето на општинскиот Буџет за последниот квартал од минатата година, одлуката за изменување и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на општината за 2012 година.

Се донесе одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно земјиште за град Кавадарци и селата во општината. Советот одобри да се доделат финансиски средства од Буџетот за изградба на црквата „Св. Петка“ во Кавадарци.

**Ангел Данов**

**Делегација од германската фирма „Дрекслер Мајер“ беше во работна посета на општина Кавадарци**

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЛИЧНО ИМ ГИ ПРЕТСТАВИ ПОВОЛНОСТИТЕ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Пријатно изненадени од брзата реакција на Општината и градоначалникот Александар Панов во овозможување на поволности на



странските инвеститори заинтересирани за вложување во Македонија, денеска во работна посета на Кавадарци престојуваше делегација на германската компанија „Дрекслер Мајер“.

Во делегацијата беа високите претставници на компанијата г. Кристиан Хартл, госпоѓа Андреа Лујански, г-ѓа Клаудија Хагл и г-ѓа Сизане Бирхорст задолжени за секторот за развој и инвестиции. На почетокот од работниот ден најпрвин остварија средба во кабинетот на градоначалникот Панов каде од страна на домаќинот беа запознати со личната карта на градот и општината, со економските ресурси и развојните планови во делот на стопанството, посебно инвестициите.

Централна тема на средбата беа неодамна донесените и изгласани поволности од страна на Советот, кои општината во намерата да привлече инвеститори од странство ги нуди на компаниите кои имаат намера да вложуваат во Кавадарци. Притоа градоначалникот подробно им ги претстави основните субвенции што ги нуди Општината, а се однесуваат на сместувачките капацитети како во можноста за обезбедување на деловен простор каде би се сместиле стручните кадри, така и во угостителските капацитети.

Гостите од Германија пројавија дополнителен интерес околу потенцијалот со доволно едуциран стручен кадар од сите профили кои би се ангажирал за работа во идната фабрика, како и за можноста околу обезбедување на соодветен простор кеде би се спроведувала обуката на идните вработени.

Од домаќинот Панов ги добија одговорите на сите нивни прашања и дилеми, како и информацијата за заинтересираноста на кавадаречките компании што се бават со превоз на патници, како и со угостителска дејност, за пружање субвенционирана цена на нивните услуги за време на престојот на стручните кадри во првата фаза од скенирањето, како и во финалната при стартот на нивната фабрика. Одговорите на овие две прашања беа значајни бидејќи како што истакнаа, во ситуација на оптимална пополнетост на фабриката која за неколку години би требало да вработува неколку илјади лица токму навременото пристигнување на работните места, како и нивната исхрана се многу битен фактор во работењето и продуктивноста на работниците.

Потоа заедно со домаќинот гостите имаа можност да ги посетат сите позиции и локации за кои се интересираа. Делегацијата оствари посета и на двете водечки компании во Македонија со седиште во Кавадарци ИГМ Трејд и ФЕНИ Индустри, каде оствари средби со менаџерските тимови.

**Димитар Мурџев**

## СОВЕТУВАЊЕ НА ТЕМА КАКО ДО ПОВЕЌЕ ПАРИ ОД ЕУ ФОНДОВИТЕ

Советување како да се трошат европските пари од актуелните 18 проекти за прекугранична соработка меѓу Македонија и Грција се одржа во Кавадарци во хотелот „Уни палас 2“. На советувањето учествуваа претставници од општините од Македонија кои во оваат транша имаат на располагање над 2 милиони евра поделени во 18 проекти.. Општината Кавадарци користи пари за два и тоа за изградба на „Музеј на вкусовите“ и за регулација на отпадните води доградба на колекторот на реката Луда Мара.

Експерти од двете земји ги едуцираа претставниците на општините за тоа како треба да се води постапката, како да се применува регулативата и процедурата на ЕУ за добивање на



наредни проекти од фондовите за прекугранична соработка. Во моментов се финансираат неколку типови на проекти и тоа за инфраструктура, екологија, туризам, научни проекти како и проект за развој на мото спорт туризмот.

**Димитар Мурџев**




■ **Кој го кочи развојот на градот: искрената граѓанска иницијатива, личниот интерес на поединци или политиката**

## ЌЕ ДОНЕСЕМЕ ОДЛУКА КОЈА НЕМА ДА БИДЕ МОТИВИРАНА ПОЛИТИЧКИ ТУКУ ЦИВИЛИЗАЦИСКИ

Изградбата на новиот деловно-трговски центар во Кавадарци непотребно се проблематизира. После мегаломанските барања на наш сограѓанин за надомест на станбен објект на постојниот Зелен пазар, Општината одлучи деловно-трговскиот центар да се гради на место според ГУП од 2003 година на делот зад зградите „Лепотици" во новиот центар. Но откако информацијата беше обелоденета се јави група граѓани која се спротивстави на оваа иницијатива на Општината. Тие доставија петиција, а четворицата иницијатори имаа и директна средба со градоначалникот.

Ставот на Панов по однос на петицијата е следниот: „Ако се веродостојни потписите и над 51% од жителите на тој дел се противат на проектот, ќе бараме нова локација". Понатаму градоначалникот вели: „Јас имав средба со тие четворица, кои доставија и петиција со над 260 потписи на граѓани, што за мене како одговорен и сериозен политичар е солидна бројка која ме загрижува, а патем и заслужува анализа. Доколку се веродостојни, тогаш сериозно ќе ги анализираме потписите и ќе одлучиме што понатаму, но ако се покаже дека тоа е желба на малцинство кое и натаму сака да ја задржи сегашната слика на хаотично поставени лимени гаражи, узурпација на просторот за кокошарници, казарници, складирање отпад на простор кој припаѓа на сите жители на Кавадарци тогаш одговорно ќе се спротивставиме на таквото нецивилизирано однесување. Сигурен сум дека мојот став за ова го дели и ОО на СДСМ, исто така сум сигурен дека во оваа деструктивна идеја и политиката



има замешано прсти бидејќи меѓу водачите се луѓе кои на локалните избори трчеа во други кампањи против мене.

Како и да е во наредниот период јас ќе проценам дали станува збор за манипулација на граѓаните и во најкраток рок ќе излезам пред нив да им ја соопштам одлуката дали на таа локација Општината ќе гради или не. Политичката мотивираност на овој револт ја гледам во начинот како тој се претставува во јавноста, а најголеми душегрижници се токму оние кои во 2003 година ја водеа Општината, таму на сила вцрта маркица за изградба на деловно-трговски објект, а сега се обидуваат да играат на картата на заборавот кај граѓаните во намера да ќарат евтини политички поени.

Во своето обраќање кон граѓаните градоначалникот додава: „Точно е дека избрзавме, како што стои во дописот и не ги информиравме навреме граѓаните за нашата намера за промена на локацијата на деловно-трговскиот објект. Но ова од страна на носителот на петицијата, е злоупотребено на граѓаните да им се пласираат куп невистини и лаги кои сигурно во разговор со луѓето се уште поголеми, а граѓаните потписници ја знаат само едната вистина која е против изградбата на овој проект. Ние во нашата намера да не ги изгубиме парите од Светската банка моравме да донесеме брза одлука. Но, повторувам, доколку мнозинството граѓани е против, нема причина објектот да се реализира. Одлуката што понатаму ќе ја донесеме трезвено, но никако на штета на градот. Во тоа ќе бидат вклучени највисоките структури и Советот, но не и оние советници кои кокетираат и се прават душегрижници на граѓаните, а се противниците на напредокот и развојот на градот. Тие се оние што ги излажале многупати досега во името на личната корист".

Како и да е вели: „Ние сигурно дека ќе донесеме справедлива одлука која нема да биде мотивирана политички туку ќе биде мотивирана цивилизациски. Кога ја прифатив одлуката на граѓаните од изборните резултати, им ветив дека ќе бидам Градоначалник, а не Селоначалник на Кавадарци". Ова меѓу другото го подвлече Александар Панов како одговор на реакцијата на граѓаните од новиот центар кои застанаа против изградбата на деловен трговски центар.

**Ангел Данов**

## ПЕТИЦИЈА ПРОТИВ ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВНО-ТРГОВСКИ ЦЕНТАР

Против изградба на трговски центар висок 16 метри се жителите кои живеат во новиот дел на Кавадарци, околу локацијата на која е предвидено да никне новиот објект. Бараат советниците во градскиот Совет да го слушнат гласот на народот пред да одлучуваат околу нестручната, неразумна и неодговорна идеја. Велат дека проектот бил планиран за во центарот на Кавадарци, но кога таму не се реализирал поради нерасчистени имотно-правни работи, сега само се правеле обиди тој да се нафрли тука.

„Се нарушува животната средина. Со изградбата на центарот ќе ни се украде мирот"- вели Павле Чекоровски, екс шеф на отсекот за станбено-комунални работи и урбанизам. Глигор Дубров, поранешен началник за стопанство и претседател на Собранието нагласи дека станува збор за населба која е урбанизирана и има станбен карактер.

„На сите оние кои тука изградиле куќи и купиле станови сега им се наметнува објект кој претходно не постоел во планот"-истакна Дубров.

Незадоволен е и адвокатот Ѓорѓи Митрев: „Се правдаат со економската оправданост и велат дека објектот ќе бил корисен за граѓаните. Сметам дека таквите објекти не се прават на вакви мали површини. Во случај на пожар луѓето кои живеат овде ќе изгорат како глувци бидејќи според нацртот нема простор од каде би интервенирало противпожарно возило".

Јордан Наумов, поранешен началник за урбанизам, тврди дека никој не може да гради на веќе изградено земјиште: „Овде има паркинг-плац и детско игралиште. Станува збор за заокружен простор. Срамота е самиот обид да се изгради тој објект, а не пак и да се изгради".

Револтираните граѓани им порачаа на надлежните во општината да бараат друго место за трговскиот центар. Во спротивно, ќе тужат. Доколку е потребно ќе ги тргнат своите гаражи, но трговски центар не сакаат.

**Светлана Дарудова**

## ГРАЃАНИТЕ ОД „БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА" САКААТ НОВ ОБЈЕКТ

Го цениме фактот што луѓето реагираат, значи дека постои мобилност да се следи и да се реагира за она што се случува во нивната средина. Тоа е добро, но само ако петицијата против изградбата на деловниот центар беше во интерес на граѓаните, односно во насока како овој простор најдобро да се уреди. Ако петицијата беше со вакво барање зад неа ќе застанеа сите жители од новиот дел на градот. Факт е дека новиот објект ќе им користи на сите граѓани само ако наместо личниот го гледаме поширокиот интерес. Барњето ќе беше оправдано и поддржано од сите ако петицијата се однесуваше за уредување на нагрдениот простор, а не во насока на заштита на ситниот интерес на неколкумина узурпатори.

Вака граѓаните потпишани на петицијата бранат нешто што не можат и не треба да го бранат бидејќи е нивни личен, а не наш заеднички интерес. Со петицијата треба да се поттикнува Локалната самоуправа да го изгради објектот и што поскоро да го уреди просторот. Така размислуваме ние граѓаните од „Булевар Македонија" што го користиме овој простор за минување кога одиме кон центарот на градот. Токму ние сме очевидци и постојани сведоци колку е овој простор загаден и узурпиран од жителите кои живеат таму. Тоа е простор во срцето на новиот дел на градот, а личи на селски двор и депонија. Ние се гордееме што живееме во новиот дел на градот кој е убаво и современо уреден за што се потрошени многу средства. Но затоа непријатно се чувствуваме кога минуваме таму заради грдата слика.

Затоа сме против петицијата на мала група граѓани, на кои треба да им се одземе узурпираниот јавен простор. Друг аргумент освен личниот интерес и немаат. Убедени сме дека најголемиот дел од граѓаните имаат потреба да се изгради убав објект кој ќе им служи на сите. Смешно е нивното тврдење дека нема да имат доволно воздух и светлина. Точно е само дека ќе изгубат 100 или 200 квадрати општествено земјиште по семејство за лични потреби. Нивната петиција е всушност идеја на мал број семејства што живет таму, а гаражите ги користат за одгледување на стока, живина, на кучињата, паркирање на земјоделска механизација, чување на дрва и други материјали...

Аргумент е дека со деловно-трговскиот



центар сите граѓани ќе имаат убаво уреден простор и услов за современ начин на живеење. Ако некои претходни градоначалници не успеале да го уредат и да се грижат за него сега со градењето на овој објект постои можност да ни се случи убаво и современо уредување, за што му благодариме на градоначалникот за напорите кои ги прави. Со овој апел кој треба да помине во постојана еколошка борба ги повикуваме потписниците на петицијата да ја повлечат и да ни се придружат сите заедно да се бориме за поубав простор за живеење. Факт е дека овој неуреден простор во градот ни се случува пред нашите очи и факт е дека досега ние се однесувавме како да не го гледаме. Затоа сметаме дека петицијата е неоправдана и ги молиме одговорните што поскоро да започнат со уредување на овој простор според предвидениот план.

**Граѓани од „Булевар Македонија"**

■ **Продолжува одличната соработка меѓу соседните општини**

## КАВАДАРЦИ ПОДАРИ АВТОСМЕЌАРКА НА РОСОМАН

Во стопанскиот двор на ЈП „Комуналец“ од Кавадарци се реализираше одлуката на кавадаречкиот Совет за донирање на возило за износ на смет од 8 $м^3$, сопственост на општина Кавадарци, на користење на општина Росоман.



Градоначалникот на Кавадарци, Александар Панов, кој го предаде возилото рече дека со овој чин им се помага на нашите соседи за да можат навреме и квалитетно да ги извршуваат услугите за износ на смет. Градоначалникот на Росоман Стојанче Лазов, изрази голема благодарност до кавадаречката Локална самоуправа за донацијата и рече дека „Сега комуналното претпријатие од Росоман ќе може да го собира сметот од сите населени места на општината.“

Соработката на двете општини продолжува да се развива во повеќе правци, што е сосема природно бидејќи руралната општина Росоман произлезе од некогашната општина Кавадарци и со меѓусебен договор двете локални самоуправи ги користат ресурсите на администрацијата во општина Кавадарци. ЈП „Комуналец“ инвестира во набавка на нови возила со цел да се обнови возниот парк, а на граѓаните да им се понудат квалитетни комунални услуги. Директорот на „Комуналец“, Илија Атанасов најави нов инвестиционен циклус во претпријатието.

## РОТАРИ КЛУБОТ КАВАДАРЦИ СО НОВА ДОНАЦИЈА ЗА ОПШТА БОЛНИЦА

Ротари клубот Кавадарци донираше „Топол кревет“ за помош при реанимација на новороденче и монитор за следење на виталните функции на деца за Општа болница Кавадарци. Вредноста на донацијата е околу 10 илјади евра. Како што информира началникот на детскиот оддел при кавадаречката болница, прим. д-р Лидија Димитрова топлиот кревет ќе биде наменет за неонатолошкиот оддел, кој работи во склоп на одделението за гинекологија и акушерство, а кардиопулмоналниот монитор кој е најсовремен е за потребите на детскиот оддел. Д-р Димитрова упати голема благодарност до кавадаречките ротаријанци, бидејќи опремата што ја добија е од големо значење за успешно работење на лекарите во давањето здравствена заштита на децата. Неонатолошкиот оддел поседувал топол кревет, но истиот одамна престанал да работи.



Никола Наумов, претседателот на Ротари клубот, рече дека ваквата пракса за донации ќе ја продолжат, при што се заблагодари на бизнис секторот од Кавадарци кој помогна да се обезбедат десетте илјади евра колку што чини донираната опрема. Пред неколку месеци исто така Ротари клубот донираше и друга опрема за потребите на детскиот оддел при кавадаречката болница.

■ **Просветни работници од соседна Грција во работна посета на Кавадарци**

## СЕ ЗАПОЗНАА СО УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ШУМАРСКОТО УЧИЛИШТЕ И ВО ГИМНАЗИЈАТА

Проектот за меѓугранична соработка со Грција имаше и работен дел. Гостите од Воден најпрвин го посетија Земјоделско-шумарското училиште „Ѓорче Петров“ каде што директорката Минова ги запозна со историјата и личната карта на институцијата, посебно истакнувајќи ја меѓународната соработка со сродни училишта од Балканот. Делегацијата од Воден имаше можност во заедничка обиколка да ги согледа капацитетите на училиштето. Притоа ги посетија просториите на наставниците, дел од училниците, како и кабинетите и работилниците каде се изведува теоретската и практичната настава. Го пробаа и виното од училишната винарница, производ на учениците.

Во попладневната смена беше извршена посета и на Гимназијата „Добри Даскалов“. Директорката Поп-Ангелова ги прими во нејзиниот кабинет и им ја претстави децениската традиција на најстарото средно училиште во Општината, чии корени датираат од почетокот на минатиот век. Претставувајќи го училиштето им посочи дека учениците со своите знаења и



способности се на врвот во Македонија, а тоа го докажуваат редовно освојувајќи први награди на натпреварите по македонски јазик, математика, физика, хемија, како и во повеќе спортски дисциплини. Гостите и овде извршија обиколка на училишните простории и кабинетите. Посебно беа воодушевени што при нивната посета затекнаа целосно компјутеризирана настава за што покажаа исклучителен интерес. На крајот изразија огромна благодарност кон директорката Поп-Ангелова која е иницијатор на проширувањето на соработката на образовните институции од Кавадарци и од Воден, освен со гимназијата и со неколку други училишта.

Впечатоците на гостите од Едеса беа изразени со благодарност за искрениот прием и нескриена желба по дружењето и она што го видоа дека, сите тие ќе се ангажираат максимално со сиот свој авторитет овој проект да успее во интерес на младите генерации и нивно подобро запознавање и разбирање во духот на европските интеграции. Притоа беше упатена отворена покана до домаќините за што побрза средба во нивниот град.

**Димитар Мурџев**

■ **Поразлично одбележување на Денот на жената 8 Март**

## ЛЕД ТЕЛЕВИЗОРИ ЗА ДЕТСКО ОДДЕЛЕНИЕ ОД ЖЕНИТЕ ВО ЛС

Во чест на празникот на жената 8 Март делегација од жените вработени во Локалната самоуправа Кавадарци за детското одделение во Општата болница во Кавадарци донираше ТВ приемници во ЛЕД технологија. Станува збор за осум телевизори со димензија од 55 сантиметри. Средствата ги обезбедија вработените жени во Општината кои наместо да слават на традиционалните чајанки со овој свој гест на празникот на жената 8 Март се обидоа да му дадат поинаков белег. Телевизорите ги примија раководителот на детското одделение примариус д-р Лидија Димитрова и директорот на Општа болница Орцо Ангелески.



Донаторките со овој чин посакаа да има што помалку корисници на овие телевизори, но на децата кои ќе бидат хоспитализирани во детското одделение со оваа донација ќе се обидат да им помогнат во процесот на заздравување со тоа што додека се во стационарот ќе имаат можност да ги следат своите омилени програми. Директорот на Општа болница се заблагодари на подарокот и посака и други институции и поединци да го следат овој пример со кој локалната заедница донира во подобрување на условите во останатите одделенија во болницата.

**Димитар Мурџев**

**Работна средба на директорите од кавадаречките основни и средни училишта со колегите од Грција**

## ОПШТИНАТА ПОСРЕДУВА ВО РАЗВИВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ СОРАБОТКА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД КАВАДАРЦИ И ВОДЕН

Во просториите на Локалната самоуправа се одржа средба каде што дебатираа директорите на Гимназијата „Добри Даскалов“ Невенка Поп-Ангелова, на СОС ЗШУЦ „Ѓорче Петров“ Божанка Минова, директорите на основните училишта „Тоде Хаџи-Тефов“ Никола Нешкоски и на „Тошо Велков-Пепето“ Јованка Шкартова со колегите од средните училишта од Воден, Република Грција. На средбата со грчките колеги присуствуваа раководителот на Секторот за локален економски развој во општина Кавадарци Тодор Ефремов и советникот за образование во Општината Зорица В’чкова, при што беа



разменети податоци за основите на образовните системи во двете соседни земји. Учесниците дебатираа и за можните пунктови каде би се насочиле целите на наредната соработка, за која двете страни се особено заинтересирани.

На прес-конференција Кириаку и Ефремов ги изложија основните цели за почеток на соработката во образованието меѓу општините кои досега имаат реализирано неколку проекти пред сè во доменот на развојот на туризмот. Но овој нов проект има посебна тежина, бидејќи се однесува на соработка на младата популација од двата града со цел подобро запознавање на младите генерации со културата на двата народа кои ги делат планините Кожуф и Кајмакчалан.

**Во ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ започна со реализација проект во соработка со невладиниот сектор**

## РОДИТЕЛИТЕ СЕ ЗАПОЗНАА СО ЦЕЛИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НИВНО СОВЕТУВАЊЕ

Први кои се вклучија во процесот Советување на родителите и кои детално се запознаа со специфичностите на оваа програма беа наставниците кои беа информирани за обврските и важноста на нивната улога за успешноста на оваа иницијатива.



На советување се повикуваат родителите на деца кои: имаат 3 негативни оценки или намален успех за повеќе од 2 оценки, по три или повеќе предмети во текот на едно тримесечје, имаат 10 неоправдани или 100 оправдани отсуства, имаат несоодветно однесување во училиштето, каде влегуваат категориите на неморално или неетичко однесување, асоцијално и антисоцијално однесување. Констатација е дека е потребно поинтензивно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес на децата и изразија голема подготвеност за соработка во сите моменти од имплементирањето, со цел да се подобри комуникацијата и соработката со родителите, како и со учениците кои пројавуваат несоодветно однесување и слаб успех. Целта е тие да успеат да се вратат во нормала и да се изградат како стабилни и продуктивни личности.

Советувањето на родители во ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ ќе го спроведуваат педагогот во училиштето Анастасија Китева и психологот Љубица Кочова. По тој повод, тие изјавија: „Советувањето на родители е нешто, што навистина беше потребно да се примени во училиштата. Иако нашето училиште нема премногу ученици кои ги исполнуваат критериумите, сепак сметаме дека програмата ќе влијае превентивно во многу аспекти. На овој начин ќе постигнеме еден симултан и координиран пристап кон учениците кои почнуваат да се однесуваат надвор од општоприфатените правила и норми и навремено да спречиме нивно понатамошно повторување. Свесни сме дека родителите можеби и нема да се чувствуваат најкомфорно кога ќе бидат повикани и можеби ќе чувствуваат одредена доза на срам. Ние апелираме дека ова е за доброто на нивните деца и дека нивната соработка со наставниците и стручните служби на училиштето е многу важна во овој момент. Како многу осетлива тема за голем број родители бара одредена дискретност и професионализам, а вработените од училиштето се подготвени да ги дадат. Ние како училиште и стручна служба го поздравуваме имплементирањето на оваа програма и најискрено се надеваме дека и родителите ќе гледаат на неа на истиот начин.“

**ООУ „Тоде Хаџи Тефов“**

**Хуманитарна акција на учениците од Гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци**

## ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИТАРНИ ВРЕДНОСТИ - ЦРВЕНИОТ КРСТ ВО АКЦИЈА

Учениците од Гимназијата „Добри Даскалов“ ја покажаа својата хуманост успешно реализирајќи неколку проекти во рамките на програмата „Промоција на хумани вредности Црвен Крст во акција“.

Младите ентузијасти ја согледаа потребата од помош за осумчленото семејството на Беким Сејфулов, во кое има шест малолетни деца и обезбедија храна и топла облека. На членовите на семејството учениците им ја предадоа помошта и им овозможија полесно да ги поминат зимските денови.

Учениците од Гимназијата посетија дел од најзагрозените ромски семејства што живеат во близина на комплексот Белка и констатираа дека овие наши сограѓани живеат во лоши станбени услови без никаква инфраструктура. Поради ниските температури приоритетна им беше облеката за децата и тоа ги натера учениците да организираат хуманитарна акција за собирање на стари алишта под мотото „За доблест без мана покажи ја твојата хумана страна“. Акцијата успешно е реализирана и за само неколку дена се собрани голем број алишта и се предадени на семејствата на кои им се неопходни.

Деновиве успешно е реализирана акцијата за собирање парични средства за операција во Словенија на 27-годишниот Дејан Ангелов од Неготино кој боледува од Craniopharyngioma. Учениците и професорите од Гимназијата „Добри Даскалов“ донираа 30. 000 денари и покажаа голема хуманост и несебичност.

Четвртиот проект опфаќа помош на стари и изнемоштени лица со нивна посета и донирање на храна и лекови.

Дел од учениците поминаа по неколку часови со децата со посебни потреби, ги посетија во Дневниот центар, а на Денот на вљубените им подарија ЦД-плеер и училиштен прибор.

Учесниците во театарската претстава „Коштана“ со која нашите ученици се претставуваа на неколку меѓународни фестивали одлучија да обезбедат парична



помош за штитениците од Специјалниот завод во Демир Капија на тој начин што хуманитарно ќе ја изведат претставата, а обезбедените парични средства од продажбата на билетите ќе ги донираат во хумани цели.

Учениците од Гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци ги повикуваат сите останати ученици од другите училишта, како и сите наши сограѓани да се вклучат активно во реализација на хумани проекти, а сè со цел да се обезбеди помош на лицата на кои што им е најпотребна.

**Моника Петковска**




■ **Актерот Александар Малинков го одбележа јубилејот 25 години на театарската сцена**

## СО ПРЕТСТАВАТА „ДУПЛО ДНО“ ЗАОКРУЖИ ТЕАТАРСКИ ОПУС КАКО АКТЕР И РЕЖИСЕР

Единствената можност да се одбележи 25 години професионална дејност деновиве ја имаше кавадаречкиот актер Александар Малинков. На матичната сцена каде го мина досегашниот работен век 25 години како глумец, пред неговата публика во двојна улога актер и режисер го одбележа личниот јубилеј. Поставувањето на култниот текст на Горан Стефановски „Дупло дно“ беше личниот избор на човекот кој професионално и приватно е бунтовник и трагач по суштината на театарот во типична средина како кавадаречката.

Со режијата на „Дупло дно“ во која претстава ја игра улогата на Божо, само го продолжува богатиот опус, кој во еден момент забележа и 25 години. Претставата во која играат и неговите колеги Диме Коцевски- Јаков, Милица Гочевска – Параскева, Благица Ѓорѓиева – Кристина и Дејан Атанасов како Доне беше вистинскиот избор за еден значаен јубилеј. Но тој, актерот, пријател, соработник, човек токму тука во неговиот град, пред неговата публика одбележа јубилеј 25 години професионална дејност.

Приказната за актерот Александар Малинков е започната многу порано уште во училишните клупи. Со размислата каде после средното, меѓу војниците или актерите, ги бира штиците што живот значат, наместо униформата на војник.

Тоа го води до сегашниот јубилеј чија историја започнува со првата професионална



улога во претставата „Оскар“ во режија на Блаже Славев на матичната сцена. Потоа се нижат над 50 улоги во претстави со различен жанр, а се паметат Ками Шан Де Биз – Болва в уво, Стојан –Коштана, Хемон – Антигона, Методи Голавода –Хамлет од Долна Бошава, Тито во Седумка, љубов и смрт, како и повеќето ролји во претстави кои во свое време беа актерско предвидување на настани од блиското минато со претставите „Клетва“ и „Цар Тројан“ за распаѓањето на Југославија, потоа со „Расфрчени куршуми“ во 2000 г., како предвестие на македонската 2001.

Во неговиот опус се вбројуваат и над 25 режии на целовечерни детски претстави, а се јавува и како автор на три текста на претстави за деца. Малинков го режираше и првиот мјузикл во Кавадарци „Брилјантин“. Опусот не застанува тука. Пораката е јасна, а само тој знае дали во неговата, актерската дејност, „Секое дно е дупло дно“.

Александар Малинков, нека ти е честит овој и да дочекаме следен јубилеј со нови проекти кои започнуваат со секое наредно будење.

**Димитар Мурџев**

---

■ **Успешен концерт на интернационалниот етноџез состав**

## МУЗИКАТА НА „БА-ЦЕ“ ТРИО ПОДАРОК ЗА 8 МАРТ

Уште еден незаборавен концерт на тројца врвни светски музичари. На крајот од денот, меѓународниот празник на жената 8



Март, кавадарчани имаа привилегија да го проследат извонредниот концерт на џез триото „Ба-Це“, во кое членуваат Теодоси Спасов, кавал, од Бугарија, Васил Хаџи-Манов, клавијатури, од Србија и Александар Петров, на тапани, од Франција. На концертот во салата на Домот на културата во Кавадарци се претстави со музика од нивните два последни албума „Без прозор“ и „Гер пропре“.

Лидер на овој меѓународен етноџез состав е Александар Петров, кој воедно е и автор на најголемиот дел од композициите. Музиката што ја претстави пред публиката беше со елементи на фолк, етно, фанк, електропрогресив, рок и џез. Сето тоа пред кавадарчани го отсвираа во нетипична форма како спој на традиционалната музика и сегашната електронска форма на компонирањето и презентацијата на звук од современието. Големата виртуозност на секој музичар поединечно и бројните импровизации ја оставаа публиката без здив, која пак им возврати со искрени аплаузи.

Новата средба на публиката со врвните светски џез музичари ја овозможија градоначалникот, Советот и Домот на културата кои концертот го посветија на кавадаречките жени. Оние кои беа во салата ќе го паметат и овој концерт на „Ба-Це“ трио. Тие пак како чести гости на Кавадарци не ја криеја инспирацијата од искрените аплаузи и топлиот прием за што возвратија со прекрасни изведби на нивната музика.

**Димитар Мурџев**

---

## 135 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГЛИГОР АНАСТАСОВ

Анастасов Ќурчие Глигор е роден во Кавадарци на 5 март 1877 година. Завршил основно училиште во Кавадарци, а гимназија во Солун. Потоа своето образование со извесен прекин го продолжува во Загреб, каде што завршил Правен факултет. Работел како адвокат во Кавадарци, Скопје и други места. Глигор Анастасов зема активно учество во т.н. Виничка афера од 1897 година, после која е уапсен и по жестоката тортура што врз него ја извршиле турските власти бил фрлен во затвор. По аферата биле откриени и запленети 50 пушки, 20 бомби и неколку сандаци муниција на организацијата во Виница.

По завршувањето на Првата светска војна продолжил да живее во Кавадарци и зема активно учество во политичкиот живот на Кралството Југославија. Во мај 1919 година Анастасов поднел писмено барање до Министерството за просвета на Југославија, Павле Маринковиќ за отворање гимназија во Кавадарци, потенцирајќи го значењето на оваа институција за самиот град како центар на Тиквешкиот округ. Ова негово барање било прифатено и во октомври 1919 година била отворена нижа трикласна гимназија во куќата на Усни Бег Али Риза Бегов. Како кандидат на Демократската партија учествува на Парламентарните избори во Кавадарци во ноември 1920 година. Тој се бори за автономија на Македонија и одржува тесни врски со Милан Ѓоргов, кој пак бил во постојан контакт со претставниците на ВМРО во Софија. Во врска со Парламентарните избори во март 1923 година, тој е еден од иницијаторите за создавање на независна македонска парламентарна група, но овој негов обид завршил со неуспех.

Бил избран за народен пратеник на Демократската партија на Лазо Давидовиќ. Во октомври 1923 година ги напушта нејзините редови и е приврзаник и учесник во петиционото движење, насочено кон Друштвото на народите. Своите ставови и гледишта ги објавува во весниците: "Вечерна пошта", "Слободна трибуна", "Јужна звезда" И др. На 14 јануари 1930 година Глигор Анастасов, Димитар Шалев и Димитар Илиев испраќаат петиција до



Друштвото на народите во Женева за заштита на човековите права на македонското население во Југославија. Барајќи поткрепа за својата кауза македонските претставители во Друштвото на народите посетуваат неколку престолнини како: Виена, Будимпешта, Цариград и др. Во англискиот Парламент во Лондон Д. Шалев и Г. Анастасов поднесуваат меморандум за положбата на македонскиот народ во Кралството Југославија, а нивните интервјуа биле пренесени во најтиражните лондонски весници "Тајмс" и "Гардијан". Починал во Софија.

**Петре Камчевски**



Се одржа 15-тиот меморијал „Вуко Каров и фудбалските легенди“

## ФК ВИХРЕН ОД САНДАНСКИ ГО ОСВОИ ТРОФЕЈОТ

Минатиот викенд во организација на ГФК Тиквеш, а под покровителство на градоначалникот Александар Панов и Советот на општината се одржа 15-тото јубилејно издание на Меморијалниот фудбалски турнир „Вуко Каров и тиквешките фудбалски легенди“.



На турнирот учествуваа домаќинот ГФК Тиквеш, прволигашот Силекс од Кратово, Победа Јуниор од Прилеп и гостинот од Бугарија ФК Вихрен од Сандански. Победник на меморијалот е екипата на Вихрен која во финалето го совлада Силекс со 2:0. Во малото финале, борба за третото место ГФК Тиквеш ја совлада екипата на Победа Јуниор со резултат 4:0.

На првиот ден во полуфиналните средби ГФК Тиквеш беше поразен од Вихрен со резултата 1:0, а Силекс ја декласираше Победа Јуниор со резултат 3:0. Според тоа победник на 15-тиот меморијал е ФК Вихрен, на второто место се пласира ФК Силкес, домаќинот ГФК Тиквеш беше третопласиран, а второлигашот ФК Победа Јуниор од Прилеп се пласира на четвртото место. Признанието најдобар фудбалер на меморијалот му припадна на Ѓорѓи Захариев од Силекс, а најдобар стрелец беше играчот на Вихрен Сакаџиски со постигнати два гола.

**Димитар Мурџев**

Меѓународен успех на младите каратисти од КК Кожув

## ВО ЛЕСКОВАЦ ДЕЦАТА ОД КАВАДАРЦИ ГО ПОКОРИЈА БАЛКАНОТ

На 11 март 2012 година во Лесковац, Србија, се одржа Меѓународниот турнир „Куп на Лесковац“. На натпреварот учество земаа 720 натпреварувачи од 45 клубови од Македонија, Романија, Србија и Бугарија. Карате клубот Кожув Кавадарци учествуваше со следните натпреварувачи: Петар Аврамов, Магдалена Ризова, Владанка Аврамова, Ивона Муфтарова, Моника Коцх, Лили Маневска и Игор Јовков и освои 12 златни и 2 сребрени медала и 1 бронзен медал со што се рангира на второто место во генералниот пласман помеѓу 45 клубови. Карате клубот Кожув ги постигна следните резултати: **златни медали:** Петар Аврамов, кати поединечно машки родени 2004 година второ ниво и кати поединечно машки родени 2004 година апсолутно ниво. Владанка Аврамова, кати поединечно женски родени 2002 година трето ниво (кафеав појас), кати поединечно женски родени 2002 година апсолутно ниво и во кумите поединечно женски родени 2002 година - 30 кг.

Ивона Муфтарова, кати поединечно женски родени 2002 година второ ниво (зелен и син појас). Моника Кох, кати поединечно женски родени 2001 година второ ниво и кати



поединечно женски родени 2001 година апсолутно ниво. Лили Маневска, кати поединечно женски родени 1997/1998 година апсолутно ниво. Магдалена Ризова, кати поединечно женски родени 2003 година прво ниво. Ката тимот девојчиња родени 2001-2002 во состав Владанка Аврамова, Ивона Муфтарова и Моника Кох. Кумите тим девојчиња родени 2001-2002 во состав Владанка Аврамова, Ивона Муфтарова и Моника Кох.

**Сребрени медали:** Ивона Муфтарова, кумите поединечно женски родени 2002 година +30 кг, Лили Маневска кати поединечно женски родени 1997/1998 година трето ниво.

**Бронзени медали:** Игор Јовков, кати поединечно машки родени 2002 година второ ниво. Екипата на КК Кожув за жал не беше во целост, отсуствуваше членот Миа Маневска од здравствени причини.

Се одржа Државното првенство во традиционално карате

## НАДИЦА ПЕНКОВА ОСВОИ БРОНЗА

Во организација на Федерацијата за традиционално карате минатиот викенд во Скопје во салата на спортскиот центар „Браќа Недеви“ се одржа државното првенство во кати поединечно. На шампионатот учествуваа над 100



натпреварувачи на возраст од 7 до 18 години како претставници на дванаесет клубови од државата. Меѓу нив беа и дванаесет каратисти од КК Кавадарци заедно со нивните колеги од КК Антигона 2 од Неготино кои работат под раководство на истакнатиот македонски каратист Ристо Сакалиев.

Претставниците од нашиот град беа претежно во помладите категории. Надица Пенкова, носител на кафеав појас, во својата возрасна категорија од 12 до 14 години го освои второто место и бронзениот медал. Пласман оствари и Васе Ефремов од Неготино кој е дислоциран клуб на нашиот во категоријата до 14 години со освојување на третата позиција и бронзениот медал. Останатите наши натпреварувачи остварија забележителни резултати.

## НАТПРЕВАР НА ОДЛУКА

Утре во спортската сала „Јасмин“ се игра дербито на сезоната од вториот круг на машката кошаркарска лига. Би рекле меч на годината бидејќи на паркетот во спортската убавица шампионот ФЕНИ Индустри го пречекува моменталниот лидер на табелата во супер лигата МЗТ Скопје. Со овој натпревар завршува вториот дел од шампионатот, по што започнуваат средбите од плеј-оф натпреварувањето, а победата за една од екипите ќе значи последен натпревар во евентуалното меѓусебно финале.



Долго очекуван дуел во кој домаќинот ќе биде пред тешка задача, да го сопре во походот кон титулата тимот од скопската населба Аеродром. Предизвик повеќе утре да се биде на трибините во „Јасмин“ е и настапот на кавадарчанецот Тодор Гечевски кој по скоро една деценија игрaње надвор од родниот град публиката од Кавадарци ќе има можност да го види својот љубимец во официјален меч на паркетот во салата каде ја започна блескавата кариера, прво во КК Тиквеш, а потоа во КК Орка спорт. Средбата која градот ја очекува со нетрпение започнува во 18.30 часот.

**Димитар Мурџев**

**Забранетo**

Докторот:

- Не смеете да пуште, да пиете, да се коцкате, да одите по жени...

Пациентот:

- Докторе, да не доаѓала случајно кај вас жена ми?

**Илија Пемов**

**АФОПЕРИЗМИ**

И тој сака мустаќи како Ниче, Горки, Делчев,... ама ќелав е!

**Петар Наневски**

Кав'даречки ВЕСНИК
Општинско јавно гласило
Издавач: Локална самоуправа Кавадарци
Уредник: Димитар Мурџев
Лектор-коректор: Роза Петкова
Печати: Печатница „Даскал Камче“ Кавадарци
Бесплатен примерок